јатка на вооружените сили на почетокот на НО војна против тројните скупатори во Македонија.

Поднесувачите на научните соопштенија кои, покрај уводните зборови за своите соопштенија, учествуваа и во дискусијата. Во неа зедоа учество и Борис Гонев, Борис Вишин, Борис Кузмановски, Павле Игновски, Орце Сребров, Благој Чаушов, Маца Карбева, Ѓоро Крстев, Благојка Демниева и други. И во дискусијата дојде до израз прашањето за улогата на Партијата во организирањето на отпорот на народните маси против окупаторот и подготовките за исфрлање на партизанскиот одред, како и за причините на неговото неизлегување и нестапување во дејство на теренот на Велешката околија, иако за тоа биле извршени, речиси, сите подготовки до есента — октомври 1941 година.

За горното прашање се искажаа повеќе мислења и становишта со една мошне јасна констатација дека предводено од КП револуционерното движење во Велес во летото и почетокот на есента 1941 година недвосмислено стоело на курсот на вооруженото востание и дека во моментот на почетокот на востанието (11. X.) велешкиот партизански одред и физички и морално бил зготвен да стапи во отворена вооружена борба со окупаторите. Меѓутоа, и покрај оваа констатација, за правите причини зашто во Велес и Велешко на 11. X. партизанскиот одред не стапил во дејство, на симпозиумот не се даде поцелосен одговор. По наше мислење, тоа прашање остана отворено и допрва треба да се разјасни.

Во заклучокот можеме да истакнеме дека симпозиумот ги исполни своите поставени задачи. Се разјаснија бројни проблеми и добија нови и дотогаш непознати податоци и сознанија за мошне згустените и динамични промени во Велес и Велешко за сета 1941 година и посебно за времето од капитулацијата на власта на стара Југославија и воспоставувањето на германската и бугарската окупаторска власт, за успешните напори на КП и револуционерното движење во целина како субјект да се спротивстават на наметнатата од окупаторите состојба и да ја преземат иницијативата во општествено-политичкиот живот во градот во свои раце со курс кон вооружен отпор на поробувачите на македонскиот народ.

По одлука на Одборот за организација на симпозиумот, соопштенијата и дел од дискусијата ќе бидат објавени во посебен зборник што ќе биде значаен прилог во расветлувањето на историските настани во 1941 година не само за Велес и Велешко туку и за НО војна на македонскиот народ против фашистичките окупатори од 1941 до 1944 година, во целина.

**П. С.**

## СВЕЧЕНА АКАДЕМИЈА ПО ПОВОД 60 ГОДИШНИНАТА ОД СМРТТА НА ПЕРЕ ТОШЕВ

Во организација на Друштвото за наука и уметност и Друштвото на историчарите од Прилеп, по повод 60 годишнината од смртта на

истакнатиот македонски револуционер Пере Тошев, на 4 мај 1972 година во салата на Народниот театар во Прилеп беше одржана Свечена академија.

На Академијата присуствуваа голем број општествено-политички и културни работници од градот.

Реферат за животот и делото на Пере Тошев поднесе Наум Димовски, претседател на Друштвото на историчарите од Прилеп.

На крајот беше изведена пригодна културно-уметничка програма. Во изведбата учествуваа: ученици од гимназијата „Мирче Ацев“, музичкото училиште „Ордан Михајловски—Оцка“, како и Гудачкиот оркестар на љубителите на сериозна музика.

**Д. Д.**

## КОМЕМОРАТИВЕН СОБИР ПО ПОВОД 60 ГОДИШНИНАТА ОД СМРТТА НА ПЕРЕ ТОШЕВ

На 4 мај 1972 година, по повод 60 годишнината од смртта на познатиот корифеј на македонското национално-ослободително движење — Пере Тошев, во присуство на голем број општествено-политички и културни работници од Прилеп и Кавадарци, просветни работници од с. Росоман, како и гости од Скопје, во Дреновската Клисура и во с. Фариш беа одржани комеморативни свечености.

На местото на трагичната смрт на Пере Тошев во Дреновската Клисура за животниот пат на истакнатиот македонски револуционер кратка реч одржа претседателот на Друштвото на историчарите од Прилеп — Наум Димовски.

На тоа место, по иницијатива на Здруженијата на Сојузот на борците на Прилеп и Кавадарци, ќе биде поставено спомен — обележје.

Во с. Фариш на гробот на Пере Тошев беа положени венци и букети свежо цвеќе. Притоа, за животот и делото на Пере Тошев говореше професорот на Скопскиот Универзитет — Љубен Лапе.

На крајот беше изведена пригодна културно-уметничка програма од учениците на Основното училиште „Пере Тошев“ од с. Росоман и хорот на гимназијата „Мирче Ацев“ од Прилеп.

**Д. Д.**

## НАУЧЕН СОБИР „СКОПЈЕ ВО НОВ 1941 ГОДИНА“

По повод прославата на 30-годишнината од почетокот на НОВ и Революцијата на 13 и 14 јуни 1972 година во Скопје се одржа научен собир на тема: „Скопје во НОВ 1941 година“. Симпозиумот беше организиран од страна на Градскиот одбор за прослава на 30-годишнината од почетокот на НОВ и Револуцијата.

На Собирот беа поднесени 24 реферати и тоа:

Д-р Велимир Брезоски, „Состојбата и дејнста на КПЈ во Скопје